Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 35 став 1 точка 1 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 123 став 7 и член 184 став 2 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
# за содржината, начинот, формата и роковите за доставување и објавување на податоците и информациите за платежната статистика

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат содржината, начинот, формата и роковите коишто давателите на платежни услуги и операторите на платните системи се должни да ги применуваат при доставувањето податоци и/или информации за платежната статистика до Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) и роковите за нивно објавување од страна на Народната банка.

2. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

2.1. „Известувачи" се:
- давателите на платежни услуги од член 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 5 и 7 од Законот за платежни услуги и платни системи (во натамошниот текст: Законот), и
- операторите на платните системи, дефинирани во член 133 став 1 точка 7 од Законот.

2.2. „Податоци и информации за платежната статистика" или „платежна статистика" се податоци и информации во врска со платежните сметки, видот, обемот и надоместоците за извршените платежни трансакции, платежни услуги, платни инструменти, висината на надоместокот за услугата на продавачот, заменскиот надоместок меѓу давателите на платежните услуги и надоместокот за картичната платежна шема при платежни трансакции засновани на картички, коишто Народната банка ги прибира и ги обработува за статистички цели заради следење на користењето на платежните услуги и развојот на платниот систем во земјата.

## II. СОДРЖИНА НА ПОДАТОЦИТЕ

3. Известувачите од точка 2 потточка 2.1. алинеја 1 на оваа одлука се должни точно и во целост да ги доставуваат до Народната банка податоците и информациите за платежната статистика за:

3.1. Сметки:

- број на платежни сметки, платежни сметки со основна функција, платежни сметки на кои се чуваат електронски пари, блокирани платежни сметки и блокади по основи;
- број на платежни сметки според старосната и родовата структура и општини;
- број на корисници на платежни услуги, вклучувајќи и активни корисници, коишто пристапуваат до платежни сметки преку интернет-пребарувач и/или апликација според старосната и родовата структура и општини;
- број и состојба на неактивни сметки, и
- состојба на издадени неискористени електронски пари.

3.2. Платежни картички издадени во државата:

- број на платежни картички според: функцијата на картичката, брендот на картичката, технологијата на иницирање на платежни трансакции засновани на картички и општини.

3.3. Уреди коишто прифаќаат платежни картички:

- број на уредите коишто прифаќаат платежни картички;
- број на продавачите и местата на продажба во државата, вклучувајќи и активни продавачи и активни места на продажба, кај коишто се поставени уредите за прифаќање платежни картички;
- број на филијалите, агентите, банкоматите и уредите на физичките места на продажба според општини, и
- назив на јавните служби и државните институции кај коишто се поставени уредите коишто прифаќаат платежни картички.

3.4. Платежни трансакции според видот на платежните услуги:

- број и вредност на платежните трансакции според видот на платежните услуги;
- број и вредност на платежните трансакции засновани на картички според државите во кои се извршени;
- број и вредност на платежните трансакции засновани на картички според старосната структура, и
- број и вредност на измамнички иницираните платежни трансакции според видот на платежните услуги.

3.5 Платежни трансакции според типот на уредот којшто прифаќа платежни картички:

- број и вредност на платежните трансакции според уредите коишто прифаќаат платежни картички, држави во кои се извршени платежните трансакции и платежниот бренд на платежните картички.

3.6 Надоместоци:

- надоместоци за услугата на продавачот;
- надоместоци коишто имателот на платежната картичка му ги плаќа на давателот на платежни услуги, и
- заменски надоместок меѓу давателите на платежни услуги и надоместок за картичната платежна шема при платежни трансакции засновани на картички.

4. Известувачите од точка 2 потточка 2.1. алинеја 2 на оваа одлука се должни да ги доставуваат до Народната банка податоците за платежната статистика за:

4.1 Учесниците во платните системи:

- број на учесниците во платниот систем, вклучувајќи поделба на директни и индиректни учесници.

4.2 Платежните трансакции обработени преку платните системи:

- број и вредност на обработените платежни трансакции преку поединечен платен систем во земјата, според видот на платежна услуга.

## III. НАЧИН, ФОРМА И РОКОВИ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

5. Известувачите се должни да ги доставaт податоците од точките 3 и 4 од оваа одлука до Народната банка електронски, во согласност со подзаконскиот акт со кој се уредува поврзувањето со информатичкиот систем на Народната банка.

6. Известувачите се должни да ги доставуваат податоците од точка 3 потточка 3.1 алинеи 1, 4 и 5, потточка 3.2, освен според општини, потточка 3.3 алинеја 1, потточка 3.4 алинеи 1 и 2, потточка 3.5 и точка 4 од оваа одлука, на квартална основа, за секој месец во кварталот за којшто се известува, најдоцна до петнаесеттиот работен ден од првиот месец во тековниот квартал, за претходниот квартал.

7. Известувачите се должни да ги доставуваат податоците од точка 3 потточка 3.1 алинеи 2 и 3, потточка 3.2, само според општини, потточка 3.3 алинеи 2, 3 и 4, потточка 3.4 алинеи 3 и 4 и потточка 3.6 од оваа одлука, на годишна основа, најдоцна до петнаесеттиот работен ден од јануари, за претходната година.

8. Известувачите се должни да ги доставуваат податоците од точка 3 потточка 3.1 алинеи 2 и 3 и потточка 3.2 од оваа одлука според општината којашто е утврдена од официјалната адреса на живеење на лицето на кое се однесува податокот за кој се известува.

9. Известувачите се должни да ги доставуваат податоците од точка 3 потточка 3.4 алинеја 2 и потточка 3.5 од оваа одлука според поединечните држави во кои се извршени платежните трансакции.

## IV. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

10. Народната банка ги објавува податоците во агрегирана форма, на својата веб-страница, квартално, односно годишно, во согласност со календарот на објавување податоци и информации за платежна статистика со исклучок на податоците од точка 3 потточки 3.1 алинеи 3 и 4, потточка 3.3 алинеја 4 и потточка 3.6 алинеи 2 и 3, коишто ќе се употребуваат само за аналитички цели и нема да бидат предмет на објавување.

11. Народната банка ќе започне да ги објавува податоците од точка 3 потточка 3.1 алинеја 2 и потточка 3.2 од оваа одлука коишто се однесуваат на поделбата според општини, од извештајниот период којшто започнува во 2024 година.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

12. Гувернерот на Народната банка со упатство го уредува подетално доставувањето на податоците и информациите за платежната статистика од точките 3 и 4 од оваа одлука.

    Упатството од став 1 на оваа точка ќе се донесе најдоцна во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

13. По исклучок од точка 8 од оваа одлука и доколку известувачот не располага со официјалната адреса на живеење на лицето на кое се однесува податокот за којшто се известува, известува за општината во којашто припаѓа филијалата на известувачот каде што се водат платежните сметки, односно платежните картички и го известува лицето за потребата од ажурирање на податоците според официјалната адреса на живеење, најдоцна до 31.12.2023 година. За оние лица кои не ги ажурирале податоците поврзани со официјалната адреса на живеење до наведениот рок, известувачите се должни да доставуваат податоци за општината во којашто припаѓа филијалата на известувачот, каде што се водат платежните сметки, односно платежните картички на овие лица.

14. Известувачите за првпат ќе достават податоци и информации коишто се доставуваат на квартална основа, во согласност со оваа одлука за првиот квартал на 2023 година.

    Известувачите ги доставуваат податоците и информациите за кои се известува на квартална основа, а се однесуваат на четвртиот квартал од 2022 година, како и годишните податоци и информации за кои се известува за 2022 година, во согласност со Одлуката за доставување и објавување податоци за извршените активности во платниот промет („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 88/21).

    Известувачите ќе ги достават за првпат податоците и информациите коишто се однесуваат на точка 3, потточка 3.1 алинеја 1 за платежните сметки со основни функции и алинеја 4, во јануари 2024 година, во согласност со точка 6 од оваа одлука и тие ќе се однесуваат на 2023 година.

    Известувачите ќе ги достават за првпат податоците и информациите коишто се однесуваат на точка 3, потточка 3.4 алинеја 4 и потточка 3.6 алинеја 3, во 2024 година, во согласност со точка 7 од оваа одлука и тие ќе се однесуваат на 2023 година.

    По исклучок на ставовите 1 и 2 од оваа точка, известувачите кои добиле дозвола за давање платежни услуги, издавање електронски пари или вршење дејност оператор на платен систем по 1 јануари 2023 година, ги доставуваат податоците и информациите од денот на добивањето на дозволата и во согласност со оваа одлука.

15. На денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за доставување и објавување податоци за извршените активности во платниот промет („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 88/21).

16. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/XXII-13/2022**
**28 декември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна**
**Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**